## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Деветнаесеттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пред почетокот ве молам сите да ме извините, за задоцнувањето од 36 минути. Тоа се должи на една инзвонредно успешна координација, што ја имавме со сите координатори на пратеничките групи. Ви благодарам за разбирањето.

Пратениците: Славица Грковска, Илинка Митрева, Никола Поповски, Лазар Китановски, Верица Филипова, Ратко Димитровски, Владимир Ѓорчев, Нада Станчевска, Петар Поп Арсов, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Блерим Беџети, Абдулади Вејсели, Али Ахмети, Теута Арифи, Фазли Велију, Азис Положани, Ѓорѓи Оровчанец, Љубчо Георгиевски и Валентина Божиновска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со 3 точка - Предлог за донесување на закон за следење на комуникациите, со предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господинот Хани Тахир.

**Хани Тахир:** Ви благодарам. Почитувани пратеници на крајот се легализира една употребена методологија, користена во минатото и ценам дека следењето на комуникациите на граѓани, што се следени против правно во Република Македонија, беше присутна и во минатото, но е добро на крајот, оваа дејност и оваа операција на Министерство за внатрешни работи да се внесува во законски рамки и преку законските одредби се дефинира доста јасно во кои случаи и со каква методологија ќе може да се следи комуникацијата и да се присклушкуваат граѓаните, што е во однос на кршење на законите и Уставот на Република Македонија. Имавме многу такви случаи. Посебно е познато дека граѓаните Албанци, кои користејќи еден закон предложен и донесен во ова Собрание успеаа да ги добијат своите досиеа и во тие досиеа е забележано јасно дека политичкото присклушкување и пресклушкувањето на граѓаните беше поради политички причини без некоја доволна против правна основа. Така што, ценам дека присклушкувањето на комуникацијата на граѓаните е добро што се уредува со закон. Овој закон бара двотретинско мнозинство од пратениците. Секако бара поширок концензус на политичките партии. Но истата постапка би требало да се употреби и за Законот за полиција, бидејќи Законот за полиција е со непосредна поврзаност со законот за следење на комуникции. За една, понагласена професионалност на овој Парламент треба да постои по изградена релација, еден вистински дијалог, меѓу мозинството кое има одговорност во ова Собрание и од опозицијата и кога ќе дојдат закони од големо значење, тие бараат еден поширок концензус од политичките партии. За да може да се постигне тој концензус и разбирање и законите да се донесат кои имаат значење за исполнување на тие стандарди, кои се повеќе од потребни. Значи, Република Македонија да се приближи што побрзо и да ги исполни тие стандарди за кои ќе имаме потреба Македонија да создаде целосно оправдување на исполнувањето на нашите аспирации за интеграција во ЕУ и НАТО структурите.

Ние граѓаните на Република Македонија свесни сме дека во Македонија присклушкувањето беше една јавна тајна, бедејќи присклушкување сме имале, има и ќе има во општеството и сите граѓани се свесни дека присклушкувањето постои. Но мислам дека треба да бидеме внимателни и од досегашните создадени афери во однос на присклушкување на граѓаните Албанци во минатото за нивната дејност, нема резултирано со едно кривично дело донесено во судовите за кршење на закони. Исто така, ја имаме аферата од бившиот претседател на партијата на СДСМ, Бранко Црвенковски, која афера помина без никаква одговорност, во облик на тоа кога се обелодени дека има присклушкување на политички личности.

На крјот, ја имаме декларацијата на Тито Петковски, кој изјавува дека четирите најрелевантни партии во Македонија располагаат со уреди за присклушкување со кои успеваат да ги следат разни политички личности и врз основа на овие информации, тие да градат нивна политика во Република Македонија, или да го засегнат достоинството, или да го повредат правото и слободата на граѓаните гарантирани со Уставот на Република Македонија. Употребата на овие уреди за присклушкување е против законски и во овој момент пратеникот Тито Петковски, доколку има дадено една полуинформација дека постојат уреди за присклушкување во Република Македонија, од овие четири релевантни партии, треба да ги аргументира. Ако се направи како што одговара граѓанинот за кршењето на законот и политичарите треба да сносат одгорворност за кршењето на законите, кои ги повредуваат слободита и правото на граѓаните, посебно го засегаат достоинството на граѓанинот, без оглед на тоа дали се занимава со политичка дејност, стопанска, економска или со друга дејност.

Во предлог законот за следење на комуникациите, јас би сакал да го нагласам членот 10, за кој мислам дека на некој начин е интересен член. Во став 2 вели дека да се влезе

во дом или други простории, или во превозни средства, заради инсталирање, оддржување, употреба, или одстранување на средства за следење на комуникациите, по барањето од став 1 од овој член, се наведува како посебен предлог, при што, мора да се прецизира временскиот период во кој треба тоа да се изврши. Тоа се вели во овој член. Јас мислам дека се засега достоинството на граѓанинот со тоа што може да му се даде можноста на надлежните органи да одлучат да инсталираат средства за присклушкување. Ова не е дефинирано дали во спална соба, во дневан соба, или во другите простории. Читајќи го овој став се создава расположение дека граѓаните ќе можат да мислат дека големото око на тајните служби ќе пробијат доста длабоко во нивните домови и достоинството и безбедноста на граѓанинот и со ова ќе се види дека граѓаните ќе се чувствуваат нерамноправни. Сигурно дека изготвувачите на овој закон ја имале предвид и компарацијата на таквите закони од ЕУ и сигурно дека може да биде и во Европската унија и во други држави на овој начин сето ова. Значи, присклушкувањето на граѓаните кои ги кршат законите врз основа на барањето на Јавниот обвинител или на Министерство за внатрешни работи и непосредно на самиот министер.

Една посебна појава и друга забелешка која е од посебно значење е тоа дека во Предлог законот за следење на комуникациите не е предвиден на дециден начин од надлежните органи по наредба на минстерот и по барање на Јавниот обвинител, доколку судот донесе одлука за присклушкување и следење на граѓаните за откривање и документирање на противправни дела, тогаш, доколку овие произлезат без некаков резултат, кој ќе заврши во суд за кршење на закон, која е поседицата на органите кои даваат наредба и кои го засегаат достоинството на граѓаните, како што беше членот 10 став 2 кога надлежните органи ќе имаат право да инсталираат уреди во куќите на граѓаните. Сигурно дека надлежните органи треба да бидат доста внимателни кога ќе се донесе една одлука и суштествена одлука кога ќе се засегне и достоинството и домот и најсигурното место на еден граѓанин, тогаш во недокументрињето и неоправданоста на една таква одлука треба да ги поднесат одговорностите тие кои носат одкуки на непофесионален начин, било тоа да е од Министерство за внатрешни работи, било да е од Јавниот обвинител, или судовите кои носат таква одлука.

Јас мислам дека можеби немам право од овој аспект, но треба да се има едно посебно внимание и мислам дека е добро законот за присклушкување да се стави во една добра законска рамка и сите граѓани да бидат свесни кои се последиците на незаконските постапки, но треба да има и последици за тие кои го спроведуваат законот за следење на комуникациите. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи господинот Алити не е тука, а тој е координатор и може да си го возобнови барањето на збор, збор давам на господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претеседателе.

Госпоѓице министер за внатрешни работи, на привремен претстој во Собранието подолго време, почитувани колешки и колеги пратеници.

Вчера имаше две теми, подоминантни на вестите што ги гледав, што ми дозволи времето, а тоа е дека она што го пренесоа медиумите и денеска печатените медиуми го имаат, прво дека се ограничија дискусиите на пратениците, или се направи обид да се замолчи гласот на пратениците. Секој различно си го протолкува од медиумите, согласно духот на медиумот. Но, во најголем дел провејуваше мислењето дека е скратено или узурпирано правото на опозицијата.

Следната вест, што вчера исто одеше на сите медиуми е дека Европската комисија има сериозни забелешки на неконструктивниот однос со опозицијата и некомуникацијата со опзицијата.

Сега се поставува прашањето, зошто се реши парламентарното мнозинство да ја скрати дискусијата по овој исклучително важен закон, пред се, не само од процесот на хармонизација на нашето законодавство, од процесот на приближување на нашето законодавсво, туку една одлична алатка за борба против огранизираниот криминал и корупцијата.

Прво, Владата на Груевски, Џафери и Петковски ја нема европската агенда како приоритет во својата работа и не игра на таа карта, или ја загубила европската реторика, што е многу опасно, или второ, несака да се донесе со овој закон, бидејќи зане кога очекува 80 гласа од опозицијата и кога ќе се скрати правото на дискусија на опозицијата, може опозицијата ќе се реши да не го подржи овој закон. Тогаш претставниците на владеачкото мнозинство велат дека се присклушкува и партиите од власта имаат уреди за присклушкување, се изјавите на претставниците од власта, тогаш тие ќе си останат во своето делување, без за тоа да одговараат, или без да има некоја законска рамка зошто тоа се прави. Бидејќи СДСМ е многу посовесна партија и многу поодговорна партија (се слуша смеење во салата) можеби ви е смешно, но што да правиме, тоа е. Ние ќе го подржиме овој закон со цел да се стават во рамка сите овие работи што се прават, да се запрат неодоговрните изјави на луѓе што претендираат да бидат одговорни политичари во оваа држава и да можеме да одиме по Европскиот пат, по кој што очигледно, не сте спремни тоа да го правите и добро би било да препуштите некој друг тоа да го прави. И покрај тоа, дискусијата е оптоварена со враќања во минатото, со непрецизни враќања во минатото, каде што повторно се врати на врата аферата “Големо уво” или присклушкувањето, кое што да ве потсетам, со тогашна одлука за аболиција на

покојниот претседател Трајковски, се оневозможи во еден сегмент решавање на најголемиот скандал во изминатите години.

Да ве потсетам, претседателот Трајковски согласно законските можности што ги имаше со давањето аболиција ги ослободи прво обвинетите во целиот процес госпоѓицата Доста Димовска, сегашен советник за безбедност на премиерот Груевски и господинот Александар Цветков. На тој начин, директно посочи кои се авторите и кој придонесе за таа афера. Во тој дел има судска завршница, разрешени се. За жал, правата на новинарите и целиот процес што сеуште трае, не најде своја завршница и тие сеуште ја бараат својата правда.

Затоа, во духот на популизмот што оваа прередба ги заменува оние реални чекори што требаше да се направат, слушаме дека ќе се реши и аферата “Големо уво”, во неможност да се справат со конкретните економски проблеми.

Инаку, тешко е за кратко време да се зборува за закон што треба да го донесат вкви некултурни пратеници што дофрлуваат од место и што дофрлуваат работи што не личат на ниво на еден парламент, но граѓаните стануваат свесни пред 100-те дена да изминат, читаме за тоа во медиумите како личи прередбата. Затоа, јас нема да влезам во поголема расправа за законот, бидејќи е неможно за кратко време да го направам тоа. Само ќе укажам на делот на членот 18 кој е поврзан со членот 115 од Законот за електронски комуникации.

Имено, во членот 18, во Законот за следење на комуникациите, кој е на дневен ред, се зборува дека следењето на комуникациите се врши преку телекомуникациски системи и така натаму. Овластеното службено лице е должно со наредба да го запознае одговорното лице на давателот на телекомуникациски услуги.

Денешното модерно време го прошири спректарот на даватели на телекомуникациски услуги од различни типови, природи и затоа со процесите на либерализација и со процесите на развојот на технологијата има различни даватели на телекомуникациски услуги.

Во членот 115 од Законот за електронски комуникации се вели дека операторите се должни на свој трошок да обезбедат соодветна опрема, интерфејс за законско прислушкување на комуникациите на нивните мрежи.

Ова, од една страна наредбодателна задача што би ја добиле од Министерството за внатрешни работи и од друга страна инвестицијата што треба да ја направат сите оператори на телекомуникациски услуги е проблем што Европската комисија ја има во десетте замерки за Република Хрватска, а тоа е дека приватниот сектор односно фирмите од телекомуникацискиот сектор не се или не ги удоволиле своите потреби за создавање на технички предуслови за можност да се врши легално прислушување и за таа цел имаат негативно мислење дека ефикасноста на полициските истраги е многу намалена.

Се плашам дека во една ваква варијанта може истото и нам да ни се случи, затоа апелирам, како и согласно членот 115 став 4 дека министерот надлежен за електронски комуникации заедно со министерот за внатрешни работи, тука пишува и за одбрана, но Владата тоа го тргна, се должни да го пропишат видот на опремата, интерфејсот од ставот 1 на овој член и се надевам дека ќе наидат на некоја варијанта која ќе биде прифатлива за сите даватели на телекомуникациски услуги за да може целиот процес на борба против организираниот криминал и корупција да се извршува онака како што треба.

Уште еднаш на крајот ќе укажам дека поширок консензус не можеме да добиеме кога се ограничуваат дискусиите, поширок консензус не можеме да добиеме кога мислиме дека предлозите во кои или типичен пример како се прави консензус е токму овој закон. Тоа министерката во своето воведно излагање го кажа дека широката расправа што се водеше по повод овој закон вклучи и претставници на политички партии односно тогаш во тоа време координаторот на ВМРО-ДПМНЕ учествуваше во работата на изготвувањето на овој закон во рамките на групата на Министерството за внатрешни работи.

Од тогашниот премиер имаше ветување на заедничка соработка и таа заедничка соработка се оствари.

Тоа значи широк консензус. Широкиот консензус не е збор кој се употребува во Брисел. Широк консензус не значи дека во Брисел е едноставно да кажете дека ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ комуницираат во петок, а во сабота да кажете дека немате такви информации. Не, широк консензус се прави во соработка со опозиционите партии онака како што Европската комисија прави забелешка на работата на оваа Влада после изборите.

Затоа, ако немате амбиции за европската перспектива на Македонија, слободно кажете им го тоа на граѓаните, има партии кои се подготвени тоа да го прават. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Веле Митаноски од три минути.

**Веле Митаноски:** Благодарам претседателе,

Репликата нека послужи само како форма. Колегата Макрадули дури не мора лично да ме разбере дека се обраќам кон него, но сепак една работа не можам да премолчам.

Имено, тој така почна и заврши, европосветеноста, НАТО, ЕУ и тн. Не е прашање само на личност и само на партија, туку е општ национален консензус и единство по овие две прашања дури над 90%. Тоа е првата работа.

Значи, никој не би требало и несериозно е да го припишува лично или партиски низ призма да навредува други.

Второ, десет минути односно во случајот 15 минути се сосема доволни ако некој сака и може на еден концизен, прифалив начин да ги соопшти своите ставови. Видовме од друга страна што значат и два дена празна расправа односно само зборување, заради зборување.

Некој кажал дека немал време да пишува кратко и концизно, меѓутоа, ако се сака десет минути се сосема доволно.

На крајот, кој е најубав, кој е најсериозен, најдобро е ако нема друг метод секој сабајле нека си го праша своето огледалце кој е најдобар, мислам дека сепак треба да бидеме посериозни кога настапуваме од говорницата.

Благодарам, еве мој поглед кон некои прашања кои беа поставени и предлагам уште еднаш, бидејќи ова прашање е општ македонски национален консензус да го поддржиме и по овој повод и од ова место формирањето на националниот совет за една таква посветесност и мој предлог е, еве од ова место, тој совет да го води наш колега од опозицијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за господинот Јани Макрадули од една минутиа.

**Јани Макрадули:** Благодарам, може и за три минути ништо да не се каже или да не се разбере.

Предлогот за комитетот од страна на водење на опозицијата е наш предлог уште од пред две години.

За немањето на време и господинот Петковски кажа дека за десет минути е недоволно се да каже, па каде се уредите за прислушкување на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА ќе ги каже на министерката за внатрешни работи, немаше време тоа тука да го објасни.

Мојата загриженост, а и на сите граѓани на Република Македонија не е тоа што мислат пратениците од мнозинството, што мисли Европската комисија и таа што не цени, а таа вели дека процесот на приближување е забавен, да не кажам закочен, нема датум за преговори заради политизацијата на јавната администрација и недостаток на комуникации меѓу власта и опозицијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Рафиз Алити, повелете.

**Рафиз Алити:** Ви благодарам, почитувани колеги, дами и господа, навистина ќе беше добро доколку парламентарното мнозинство на крајот на краиштата почне да изготвува некој закон, а не да ги презема законите од минатиот состав затоа што сигурно законите што вие ќе ги изгответе ќе придонесевте да има еден подобар квалитет и сосема е нормално што ние кои сме биле поранешен дел од тие закони што се изготвиле во поранешниот состав полесно ќе ве поддржевме во оваа насока. Меѓутоа, како и да е нашите реалности се овие, еве уште еден закон кој е изготвен од поранешната Влада, се доставува до Собранието, дел сме биле и ние како ДУИ во таа поранешна Влада и тогаш, а и денес мислиме дека закон за следење треба да се донесе иако велам дека и тогаш сме мислење доколку се донесе еден ваков закон како што е понуден до Собранието, повторно ќе има злоупотреби како што имало во минатото, шќЃто значи повторно тие што не прислушкувале во минатото ќе не прислушкуваат и ние како пратеници или како лидери на политички партии,зошто да не кажам и Претседателот на државата и Владата ќе бидат немоќни за да можат повредите или прекршувањата што ќе се напаваат на овој Предлог-закон да можат да ги донесат пред лицето на правдата тие што не ја почитуваат законската рамка, се разбира.

Ова го велам затоа што над сите закони, за жал, во Република Македонија повторно доминира политиката. Доминираат поединци кои се посилни отколку тие што го добиле гласот од народот.

Ова го велам затоа што ја имавме аферата на прислушкување која се спомна неколку пати иако тоа дојде од една опозициона партија, од лидерот со сите документи и податоци, се разбира ние би требало да бидеме многу наивни во политиката и да веруваме дека барањето од таа опозиција тогаш не можело да се реши и да оди до крај, да има завршница. Се разбира дека и тогаш имало компромиси, повторно ќе има, и во иднина кога ќе се повредува оваа законска рамка.

Велам нашите убедувања биле и тогаш и сега остануваат исти дека иако ќе донесеме закон за следење на комуникациите повторно ќе има злоупотреби.

Самите факти говорат да се вратиме на минатото на пример да го анализираме случајот Сопот, се казнува без да има законска рамка, што значи ниту полицијата ниту судовите немаат право да се повикаат на едно телефонско јавување како што е во судовите во Куманово како Авни Ајети да му се јавил некој дека е поставена мина и тн. Врз основа на тоа се казнуваат 20 лица.

Или случајот на Раштански лозја за кој сме сведоци сите ние иако една дискета за која верувам дека не е обезбедена од службите за внатрешни работи на Република Македонија, за егзекуција на тие што беа егзекутирани во Раштански лозја, тоа е обезбедено од странски служби, овде таа дискета ја имаше поранешниот премиер и сите сме сведоци дека и таа работа не се заврши, немаше завршница, напротив, еден премиер кој имаше смелост да излезе пред Собранието со дискета тој беше нападнат не од целата политичка елита во земјата, туку 70% од политичката елита. Беше нападнат од причини што само ние во Република Македонија ги знаеме.

Ова се некои моменти зошто ние како пратеници на ДУИ и понатаму сме скептични, доколку го донесеме овој закон, не сме сигурни дека ќе ги исполниме тие обврски кои ги бара Европската Унија за интеграција во НАТО и тн. Ние треба да разбереме еднаш засекогаш дека законите треба

да ги донесуваме за да можат да се спроведуваат тука кај нас, да се имплементираат. Доколку правиме имплементација на овие закони кои ги донесуваме и велиме на Европа дека еве го донесовме овој закон, тогаш сме ја постигнале целта. Меѓутоа, доколку се случи спротивното, јас сум скептичен дека ваквите закони ќе се спроведуваат до крај, во целост, скептик сум затоа што ги спомнав Раштански лозја и не случајно целата критика која доаѓа од надвор доаѓа на адреса на судовите во Македонија, на адреса на тоа дека се повредуваат правата на човекот било од органи за внатрешни работи и тн. и се поставува прашањето кој ќе ги викне на одговорност тие што ќе го прекршат законот или тие што нема да го почитуваат.

Ние како политичари ќе ги гласаме, меѓутоа, јас не знам некој случај, а би сакал некој да ми каже, дека некој одговарал за вакви случки. Ние, во овој Предлог-закон кој за нас е спорен членот 14 затоа што таму се предвидува во итни случаи се одземе дозволата за следење и усно. Мислам дека овој член треба да се избрише и треба да се знае процедурата или постапката како треба да се следи некое лице или поединец или некоја личност, а не да се остави на тоа дека усната наредба важи и кога ќе се случи злоупотребата и судиите се луѓе и тие ќе потпаднат под нашите политички притисоци и утре судијата ќе потврди дека дал усна наредба, иако можеби не било така. Велам и тие се луѓе, и тие се незаштитени во случај кога притисокот доаѓа од горе.

Токму поради тоа мислам дека членот 14 ќе беше добро доколку се избрише од овој Предлог-закон затоа што остава голем простор за слупотреба.

Ние како парламентарна група и тогаш така сме размислувале а и сега дека ради реда можеме да донесеме ваков закон, меѓутоа, таквите закони треба да наидат на имплементација, а за да има имплементација во прв ред треба судовите во Република Македонија да се осамостојат, да станат независни и да не бидат под притисок на највисоките државни врвови затоа што тие не се под притисок на граѓаните, тие се под наш притисок.

Доколку не вршиме таков притисок тогаш навистина отвараме простор за да се работи во судовите под нормални услови и тогаш сите граѓани, па и ние кои се бавиме со политика или сме носители на разни институции во оваа држава ќе бидеме рамноправни пред судовите. Во спротивно велам ќе донесеме закон, но и понатаму сме скептични затоа што со овој закон навистина ќе го ставиме под контрола тоа што требало да се стави. Имам впечаток дека ние сакаме да донесеме закон, самиот се ставам во таа категорија, да донесеме закон не да се казнат тие што прават злоупотреба, напротив, со ваков закон да ги амнестираме или да им отвориме законски пат на законски начин да не прислушкуваат. Злоупотребите кои ќе ги направат повторно да се повикаат на законот.

Понатаму, ќе го кажам следното: тие не прислушкувале и тогаш кога немало законска рамка, кога немале никакво право, ова не се случувало само во Република Македонија, сведоци сме дека тоа се случува во многу држави било од поранешниот комунистички систем и многу други држави кои се повикуваат на демократија или на некое демократско минато кое е поголемо од нашето.

Иако има законски рамки повторно има злоупотреби од оваа природа имало и ќе има, бидејќи ние кои сме во политиката имаме желба да знаеме во најинтимните случаи, да ги наречам така, на нашите политички опоненти, сакаме да знаеме што разговараат со своите сопруги, со своите синови и тн. И со оваа законска рамка истото ќе се случи, нешто што не е добро, не е добро за самата Република Македонија и за да овие закони наидат на потполно имплементирање навистина лицата кои се носители или раководат со институциите било да се судовите или Претседателот на државата, Владата или Собранието и многу други личности кои имаат доста високи позиции со голема одговорност, навистина треба да бидат луѓе кои знаат односно се свесни за одговорноста што ја преземаат и се во состојба да се жртвуваат во интерес на градење на една законска држава се во состојба да се жртвуваат за една вистинска демократија во таа држава.

Доколку носителите на овие најзначајни функции, нешто што неколку пати кај нас се докажало, да даде господ да се демантирам, да биде поинаку, меѓутоа, ова се докажало неколку пати дека во Република Македонија такви личности има многу малку. Мислам на личности кои секогаш државниот интерес го ставаат пред личниот. Имаме многу малку такви луѓе и јас би сакал навистина некој да ме демантира затоа што во овој закон говориме и за корупцијата. Корупцијата не ја прави обичниот граѓанин, нелегалната трговија не ја прави обичниот граѓанин, туку ние кои сме на тие функции, ние на кои им се овозможува да направиме такво нешто. Ние правиме злоупотреба на законот и тн. Ова треба да го кажеме на транспарентен начин доколку од државниот врв, од Владата се е во најдобар ред и законски, тогаш се помали можностите во подолните делови да има прекршувања затоа што првиот човек во државата тој рефлектира позитивна енергија и многу малку ќе има потреба, а можеби и ќе нема потреба да се прислушкуваме едни со други и носителите на функциите и тн.

Не сакам да должам повеќе, затоа што ние, како парламентарна група не мислевме да расправаме на широко за овој Предлог-закон. Мислам дека мнозинството, во иднина, тоа што беше кажано и од другите парламентарни групи, мнозинството навистина треба да води сметка бидејќи за законите треба да се расправа, треба да се дискутира, а не да се скратува времето на дискутирањето, со единствена цел за да се дисциплинира опозицијата.

Не е деструктивно, доколку некој пратеник тука излезе и држи говор од два часови, ако притоа нуди аргументи. Затоа што тој е поинаку убеден во однос на тој предлог закон и неговите аргументи држат. Знам дека на мнозинството никогаш не му се допаѓа опозицијата да нуди аргументи и тоа што е во интерес на граѓаните, меѓутоа тоа останува на граѓаните тие да проценат и тоа се проценува тогаш кога излегуваме на избори. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се пријавени Додевски Марјан, Јаневска Весна и Бонева Силвана. По тој редослед, по три минути ве молам.

Повелете господине Додовски, реплика три минути.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во делот на дискусијата на Предлогот на законот, ќе дискутирам во понатамошниот дел од собраниската расправа. Во овој момент би сакал накратко да реплицирам на господинот Рафис Алити во однос на неговите искажувања што се однесуваа на случајот "Раштански лозја".

Се работи за еден случај што слободно можеме да го класифицираме како класично монтиран политички процес, каде што беше вклучен токму и еден од поранешните премиери, што го спомна и господинот Рафис Алити. Се работи за Хари Костов кој воедно беше и министер за внатрешни работи еден подолг временски период, а потоа неколку месеци беше и премиер на Македонската влада. Фамозното ЦД што се мавташе овде на говорницата на Македонскиот парламент, доколку беше основано, вистинито и никаков доказ, сигурно дека ќе резултираше со поинаков исход во судската расправа.

Но, најважно е што победи вистината во случајот "Раштански лозја", што македонските бранители се на слобода и сето тоа беше потврдено од сите судски инстанци во нашата држава, без разлика какви беа притисоците, политички, во однос на конечната одлука по случајот "Раштански лозја". Повторувам, најважно е што бранителите се на слобода, што победи вистината и навистина, еден класично монтиран процес што се водеше неколку години заврши на оваков начин, како што можеше македонската јавност да види. Верувам дека во наредниот период ќе нема такви монтирани политички процеси и дека секогаш вистината ќе излегува на виделина.

Јас би имал толку.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика господин Алити, една минута.

**Рафис Алити:** Благодарам за репликата.

Навистина би сакал да е така како што кажа колегата Додовски, меѓутоа не е така. Не е така затоа што оние кои беа агзекутирани, тогашната власт ги облече во облека на УЧК и ги претстави дека се припадници на УЧК. Нешто што не било. Тие биле само обични луѓе, што се докажа со ЦД-то што се понуди тука.

Второ тој вели дека правдата е добра, дека правдата победи но и во овој случај, моите убедувања и парламентарната група се дека победи политиката. Дека победи политичкиот договор, што токму поради ова за што сега говориме, со своето влијание што го прави над судовите се ослободија патриотите.

Доколку и во случајот на "Сопот" се собереа Албанци и се ослободија тие мои соборци, тогаш ќе видевме што денеска ќе говореше господинот Додовски.

**Љубиша Георгиевски:** Почитувајќи ги длабоко ставовите, политички, на вашата пратеничка група, јас ве молам, сепак, во овој дом да се почитуваат безпоговорно одлуките на судските инстанци. Затоа што е така уставно.

Повелете госпоѓа Јаневска.

Повелете господине Алити, вие барате збор процедурално.

**Рафис Алити:** Добро е како претседавач, доколку навистина имате реплика по дискусија на некој пратеник да земете збор. Тоа право го имате, бидејќи вие сте еден меѓу рамноправните меѓу сите 120 пратеници. Не е добро по секоја ваша интервенција, јас го реков тоа што се случи, за што се сведоци сите граѓани на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ова не беше реплика, ова беше добронамерна процедурална интервенција.

Повелете госпоѓо Јаневска, реплика, три минути.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, интересна дискустија се отвора повторна на иста тема. Бројни пратеници од Собранието, речиси од сите политички партии, зборуваат за злоупотреба на полицијата, за злоупотреба на судовите, па и за злоупотреба и вршење на притисок на политичките партии врз институциите на државата. Јас со тоа сум комплетно согласна.

Во однос на намелиот случај "Раштански лозја", овде слушнавме политички став. Навистија би ја почитувала судската одлука. Но, во однос на неправилностите што се случуваат во полицијата, во МВР порано, во судовите, би сакала како аргумент да го изнесам и потврдам ставот. Точно е тоа дека еден македонски премиер на собраниската говорница во раче држеше ЦД. Тоа ЦД беше доказ во незавршен судски процес. Со тоа што доказот, за кој што не знаеме на кој начин слигнал до премиерот, а не смееше да стигне до него, туку требаше да оди во истражна и судска постапка и да биде заштитен како доказ во секоја судска претставка, самиот тој доказ стана невалиден затоа што беше изваден пред јавноста. Да бевме било која друга држава, да бевме било која, малку подемократска држава во која навистина има независен судски систем, независен полициски

систем, независно јавно обвинителство и јавно правобранителство, тој процес, во тој момент ќе паднеше, без оглед каков беше исходот на процесот.

Во моментов не зборувам за политика. Во моментов зборувам дека она што ние како законик го носиме треба да го почитуваме. Сите се жалиме на злоупотребата. Еклатантен е примерот со ЦД-то за "Раштански лозја". Секој судија, било каде на запад ќе се откажеше од таков случај ако тој доказ се извади пред јавноста, па и кажуван на телевизија и печатен во весниците. И тоа е притисок на судиите. И демонстрациите на партиите се притисок на судиите. Но и покажувањето на ЦД, во рацете на еден премиер пред парламентарната говорница, е притисок на судиите и злоупотреба на доказот. А, се разбира, се однесува на луѓето кои таму лежат во истражна постапка и го чекаат крајот на судењето. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господин Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас навистина би сакал да е така како што вели нашата колешка. Меѓутоа не е така. Доколку сакаме да изградиме законска држава, треба да ја изградиме. Доколку одиме на тоа што е кажано порано, во турско време дека "Кадија те тужи, Кадија те суди", тоа се случува и сега во Република Македонија. Нешто што не е добро.

Повторно ќе кажам, на оваа држава се понуди ЦД, со аргументи, се понуди во суд, а не да суди поранешниот премиер. Поранешниот премиер требаше тоа да го даде на судовите. Но, судовите донесоа таква одлука, каква што донесоа. Но, јас го разбирам ова мнозинство, покрај другото, зошто направија замена на господинот Прчевски, јавниот обвинител. Токму поради овие пазарења. Тој е единствен човек во Република Македонија кој рече дека ова е скандал.

Европа сака Македонија да ја има до себе, меѓутоа една демократска Македонија со рамноправни граѓани, а со дискриминирани граѓани воопшто да не тргаме бидејќи ќе ни ги затворат вратите.

**Љубиша Георгиевски:** Силвана Бонева, повелете, реплика.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега,

Во вашата дискусија кажавте дека овој закон, како и другите закони, кажавте во множина, законите, ги преземаме од опозицијата. Точно е тоа дека Законот за полиција, еве и Предлогот на закон за следење на комуникациите го презедовме од вас како бившо парламентарно мнозинство. Но, точно е и тоа дека тоа е наша континуирана заложба. Ќе се согласите со мене дека ВМРО-ДПМНЕ како опозициска партија го гласаше уставниот амандман 19 со што јасно дадовме уставна рамка да може да донесеме еден ваков закон за следење на комуникациите, со што јасно кажуваме во кои случаеви можат да се ограничат човековите слободи и права, слободата и правото на секој граѓанин во оваа држава да има право на тајност на неговите комуникации, само во кои случаеви може да биде загрозено тоа право.

Со амандманот 19 е јасно кажано дека само врз основа на одлука на суд под услови и постапка утврдени со закон може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и на сите други облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење на кривична постапка или кога тоа го бараат интересите и безбедноста на одбраната на Република Македонија.

Токму поради злоупотребите што беа правени во долг период station наназад, не сакам да се потсетувам колку години наназад, посебно ние како политичка партија бевме континуирано прислушувани и до донеска не се чувствуваме дека сме ослободени од тој товар дека не се следи секоја наша комуникација, како кажавте дури и со блиските во семејството. Свесни сме за тоа и токму затоа инсистираме да се донесе овој закон, заради јасно разгланичување во кои случаи може да се следат комуникациите и, доколку некој направи злоупотреба, дека ќе уследат консеквенци вакви, овакви како што се предвидени со законот.

Мораме конечно да имаме законска рамка. И на крајот, тоа што го кажавте многу јасно, треба да се почитува законот, доколу имаат јасно изразена политичка волја. Верувајте, ВМРО-ДПМНЕ како партија од парламентарното мнозинство има апсолутна волја да се почитува законот за следење на комуникациите. Токму заради тоа и го презедовме овој закон, ќе го гласаме за да се стави конечно ред во оваа сфера на прислушкување на комуникациите помеѓу граѓаните. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Арифи Рафис, повелете.

**Рафис Алити:** За тоа што го говори колешката Бонева, на една од претходните седници кога таа не беше тука да ислуша што колешката Јанева зборуваше, кога ги читаше нејзините стенограми по Законот за полиција и нејзиниот пристап, тогаш додека беше опозиција, јас не сакам за тоа да говорам. Требаше да биде присутна и да слушне каков пристап имала.

Ќе ја потсетам госпоѓа Бонева дека токму ние, Албанците, меѓутоа и делови на други заедници страдале во име на комунизмот, кога во име на народот биле осудувани и казнувани, имало масакри со егзекуции итн.

Додека сега, се случува нешто друго. Дали сакала да прифати или не, тоа се прави во име на државата, значи се прават злоупотреби. Ние само отвораме врата на тие луѓе за такви злоупотреби. Сакаме да прифатиме или не, тоа е така. Повторно оставаме во име на државата некој да донесува одлуки.

Јас и мојата парламентарна група бараме да овие членови се прецизираат. Тоа е нашата цел, да нема злоупотреби. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Трајко Вељаноски.

(Пратеникот Весна Јаневска бара збор за реплика)

Не може реплика на контра реплика. Не, не може. Тоа е против Деловникот.

Повелете господине Вељаноски:

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке за внатрешни работи,

Во однос на овој многу значаен и чувствителен закон за следење на комуникации би истакнал следново: Европската конвенција за правата на човекот и основните слободи во членот 8 прокламира фундаментално право на неприкосновесност на личниот имот, живеалиште и комуникација. Мешањето на државните власти во користењето на тоа право е недопусливо, освен во случаи предвидени со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната и општествената безбедност или за економска благосостојба на земјата. За спречување на безредијата или кривични дела за заштита на здравјето и моралот или на правата и слободите на другите.

Во членот 17, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права има забрана за незаконско мешање во личниот живот, семејство, дом или комуникација на човекот. Значи, двата фундаментални моменти, Конвенцијата и Меѓународниот пакт донесен од ОН, укажуваат на значајноста на немешањето на комуникацијата на човекот. Но, сепак, во двата меѓународни акти допуштаат ограничување на тие права единствено во случаи предвидени со закон.

Во рамките на меѓународното право, државите имаат национално законодавство што ги определуваат условите преку кои се одвива извршувањето на прифаќање на комуникациите во интерес на националната безбедност и спротивставувањето на кривичните дела.

При изготвување на овој закон за следење на комуникациите, ВМРО-ДПМНЕ како опозициона партија учествуваше во изработката на овој закон. Вклучувајќи ме мене, како претставник на ВМРО-ДПМНЕ. Континуирано имаме можеби дваесеттина средби, работната група, при подготвување на овој закон. Имаше широк консензус за носење на еден чувствителен и значаен закон. При изготвување на тој закон се одеше и се размислуваше дали да се тргне во пристап кон внесување на овие одредби во ограничувањето на правата во комуникациите на човекот, дали да се оди во Законот за кривична постапка или да се оди со посебен закон. Такви искуства има во повеќе разни држави. Во законодавствата на некои земји: Белгија, Луксенбург, Австрија, Канада, уредувањето на специјалните разузнувачки средства, во однос на ограничувањето на комуникацијата, за следење на комуникациите е вклучено во казнено-поправните кодекси како посебен дел во Законот за кривична постапка. Тоа беше становиште на одредени експерти што учествуваа, да биде внесено во Законот за кривична постапка. Но, имаше и такви размислувања, па се прифати да има посебен закон за следење на комуникациите, што ќе ги опфати сите сфери битни во однос на регулирање на материјата, регулирани со законот за следење на комуникации.

Такви има во другите држави, на пример Австрија, Велика Британија, прифатени се специјални закони, како што е овој закон за следење на комуникациите и таму се уредени сите значајни сегменти во однос на примената на прислушкувањето, народски кажано.

Точно дека законот не е најсовршен. Никогаш не може еден закон да биде совршен. Но, многу е битно да има закон. Искрено кажано, доаѓајќи претставници од меѓународните организации, во одредени комуникации, кога ќе дознаеја дека Република Македонија нема закон за следење на комуникации, немаше закон за заштита на сведоци итн, тие се чудеа - Како вие успевате да се справите со криминалот, велеа. Замислете во некоја европска држава да ги немаат овие закони, не ќе можат да се справат со криминалот.

Ако малку подразмислиме, ќе видиме дека затоа немаме никаков успех до сега во справувањето со организираниот криминал. Во однос на кривични дела за безбедноста на државата, а знаете претходните 4-5 години се случија одредени работи во Република Македонија по однос на безбедноста на државата и можеби доаѓаме во една ситуација кога некој го злоупотребува правото на прислушување, нема никаква корист во однос на кривичното гонење на сторител на одредени кривични дела, што се многу значајни, па затоа во овој закон за следење на комуникациите е предвидено за кривични дела над 4 години. За кривични дела од поголемо значење.

Како што кажав, законот не е несовршен, но многу е битно да постои. Самата примена ќе покаже дали треба да се измени законот или нема потреба.

Би сакал да укажам на тоа што од страна на координаторот на пратеничката група ДУИ-ПДП се кажа дека оваа власт ги презема сите закон. Да, точно е ние ги преземаме сите закони што се добри, затоа што и ние сме учествувале и ние сме дале придонес за да се постигне широк консензус по однос на овој закон и затоа не одевме со солуција, да направи одредени мали измени и шмински и да каже дека овој закон не е добар. Намерно се одеше да се каже дека бившата власт, сегашната опозиција дала придонес во носењето на ваков закон, и затоа сметаме дека треба да се донесе еден закон кој е многу битен за Република Македонија.

Само да ве потсетам каква еуфорија тогаш ја зафати бившата власт при носењето на

амандманот на член 17 од Уставот на Република Македонија. За три месеци едена фурија направија, притисок преку Меѓународната заедница. Прв пат не се успеа да се донесе уставниот амандман затоа што сакаше без опозицијата да го донесе. Вториот пат се успеа да се донесе уставниот амандман 19 на член 17, затоа што тогашната опозиција се вклучи во работа по однос на уставниот амандман и по наше барање беше внесено уставниот амандман со 2/3 мнозинаство да се донесе. Тогашната власт тоа го прифати и се внесе дека законот за следење на комуникациите треба да се донесе со 2/3 мнозинство, затоа што и тогаш и сега сметаме дека е многу значајно да се донесе закон од ваква сфера, со 2/3 мнозинство. Тоа затоа што и тогашната власт ако го донесеше со 61 глас можеше да направи одредени измени во законот, да изврши одредени злоупотреби и да направи одредени измени така како што им одговара. Но, носењето на законот со 2/3 мнозинство оневозможува да се прават, без широк консензус одредени измени во законот.

Сметам дека треба да се донесе овој закон и добро е што опозицијата кажа дека ќе го прифати законот. Гледаме, поготово во овие изминати 60-70 дена, опозицијата цело време вели, да, ќе го прифатиме тоа, но сегашното мнозинство не било подготвено за одредени забелешки што ги има ЕУ. Зарем сметате вие дека за 60 дена може да се успее, вие што не успеавте за четири години и веднаш за 60 дена опозицијата се подготвува да дојде на власт, па еве ако треба за Европа тие пак би придонеле. Народот си го кажа своето, рече сега веруваме на овие партии кои треба да го направат тоа. Ако народот оцени дека оваа власт ја губи довербата, самиот народ тоа ќе го каже. Вие не треба да се нудите. Народот значи сам ќе каже во кого има доверба за да го нвесе во Европа и она што се кажа има широк консензус меѓу сите политички партии за да влеземе во Европа, а не некој самиот себе си да си го препишува тоа и цело време да се нуди дека тој може да ја внесе Македонија во Европа, на тој начин што се нуди на некој иден лидер што ќе биде на таа опозициона партија која го водеше Секторот за евроинтеграции, па сака на тој начин да придонесе и да каже дека и тој е за Европа и само таа опозициона партија е за Европа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Агрон Буџаку.

Повелете, имате 10 минути.

**Агрон Буџаку:** Почитуван господине Георгиевски, почитувана госпоѓица Јанкуловска, почитувани пратеници,

Во однос на неколку аспекти од законот кој е на дневен ред, Предлог за донесување на закон за следење на комуникациите, со Предлог-закон, верувам дека на сите им е јасна позицијата на коалицијата ДУИ-ПДП, во однос на текстот и потребата од донесување на овој закон. Многу е јасно и нешто друго за тие кои манипулираат со јавноста во последно време, во однос на наводниот начин на однесување на ДУИ-ПДП, како и за спроведувањето на парламентарните демократски и цивилизациски методи и други работи, се искажа се од негативен апсект. Мислам дека за едно кратко време, не само во однос на ова прашање, туку и во целост, во однос на политичката состојба на земјата, за едно кратко време паднаа маските. Ова време и времето во однос на овие два закони кои ги разгледавме, ќе кажам една голема изрека на Линколн, поранешен претседател на САД кој вели-Вие можете да го измамите целиот народ за едно кратко време, вие можете да измамите еден дел од народот за цело време, но вие не можете да го измамите целиот народ за цело време. Овде измамите и манипулациите се докажаа и денес, кога говориме за консензус, тоа што претходниот говорник го рече дека требало да има консензус. И партијата која е на власт, ВМРО-ДПМНЕ кога беше во опозиција, беше подготвена, за волја на консензусот и постигнување на државните интереси, да учествува активно и сега се јавува како коавтор на овој предлог, што е за поздравување. Но тогаш излегува на виделина дека сите тие, господинот Георгиевски кој велеше да се менаџира со конфликтите, но тој предизвикува конфликти, не повикуваше не само нас, туку и другите партии од опозицијата, велејќи, до колку вие не се согласите со кршење на процедурите кои јас ги вршам, тогаш повелете овде и удирајте по оваа маса. Сега е јасно дека консензусот ни требал, но не еден консензус, меѓуетнички консензус, или меѓу политички консензус со коалицијата која го застапува мнозинството на албанското население во Македонија. Значи изреката на Ликолн во однос на Европската комисија, мислам дека е многу јасно, до колку некој сака да ги манипулира или да ги изманми европските институции за едно кратко време, оваа манипулација или измама потфрли, бидејќи ќе биде многу јасно, во мислењето на Европската комисија кое мислење го чекаме на 8 ноември, ако не грешам, каква оценка ќе има во однос на се ова што се случува и овие манипулации што ги направи ВМРО-ДПМНЕ, за едно кратко време. Имаше коментари од сериозни луѓе а тоа е дека ловиш, со едно оружје во својата нога да направиш еден вид самоповреда. Не дека жалам да ви ја кажам вистината, дека ВМРО-ДПМНе ќе направи самоубиство или самоповреда, но сум загрижен за иднината, европската иднина на нашата држава и на нашите граѓани, бидејќи освен другото, во нашите програмски цели, во нашата политичка достојност, како ДУИ, секогаш сме го нагласувале тоа дека интеграцијата во ЕУ и НАТО структурите е приоритет на нашето политичко дејствување.

Овде се кажа дека има и сеопфатен консензус. Во однос на ова не сакам да расправам, но да ги одбиеш инвеститорите и да ја партизираш администрацијата, да ги прекршиш академските одредби за еден универзитет, дами и господа,

тоа ги пречекорува нормалните активности на една партија која на големо говори...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам зборувајте за тоа што е на дневен ред.

**Агрон Буџаку:** Господине Георгиевски или бидете достоен во однос на сите дискутанти, немојте да ми упаѓате, бидејќи сите говореа за европските интеграции. И законот за кој говориме е едно наше приближување, во овој момент на технолошкиот развој кога криминалните групи се опремуваат со софистицирани средства, ние имаме потреба од овој закон. Но, овде има нешто што е од поголемо значење, господине Георгиевски. Вие не можете или не сакате да го разберете тоа, или тоа што ќе биде позагрижувачко за земјвава, вие со намера не носите кон една катастрофа за некое сценарио кое јас не го знам, бидејќи друго објаснување јас не можам да најдам. Друго објаснување за овие работи кои ни се случуваат не можам да најдам. Популизмот е обновен во земјите на Европа, во земјите кои сега се членки на ЕУ, можат да си дозволат еден популизам , но овде да говори една партија која добила приближно ист број на гласови како во 2002 година, ако не грешам 298 илјади и катастрофална загуба со 303 илјади гласа сега и сега да говори во име на целиот народ на Македонија, непочитувајќи го воопшто албанското мнозинство и да не води во една катастрофа, господине ова не смее да се дозволи. Се надевам дека набрзо со интерпелациите кои следат, ќе ви укажеме дека не беше целта како што се кажа, туку сега се гледа и од реакциите, подоцнежните реакции во однос на опструкцијата. Целта беше, во однос на Законот за полиција, да се укаже со аргументи што не содржи тој закон.

Јас нема да се вратам на тоа како се создаде вашата коалиција. Тоа е ваш проблем. Една таква шареноликост не смее да си дозволи ниту една држава со развиена демократија каде толеранцијата и политичката култура се на високо ниво, една таква шареноликост само со цел да се изземе или исклучи ДУИ-ПДП и да се игнорира албанската волја, вас ќе ве чини сето тоа, а не нас, бидејќи ние во една работа сме доследни и знаеме дека правото и народот секогаш ќе победат. Но со такви манипулации мислам дека е краен момент да запрете. Ова ќе ви помогне и вас, но најнапред ќе му помогнеме на народот и на Република Македонија, бидејќи, почитувани дами и господа, има земји кои одвај чекаат да ве воведат да грешите, со една единствена цел да ја исклучат Македонија од нашето патување кон НАТО и ЕУ. Мислам дека тоа се големи грешки. Моја обврска како пратеник е да го кажам тоа пред народот за да знае со кого има работа. Не може, дами и господа да се надмине популизмот во Македонија со 4000 приходи по глава на жител, можеби во Словенија може да има успех со 16.300 долари, може да ја надмине состојбата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Сакам да реплицирам на неколку работи што ги искажа почитуваниот господин Буџаку.

Јас очекував дека денешната дискусија ќе биде доста содржајна, по однос на законот што ни е на дневен ред, поради тоа што зафаќа една многу интересна тема, зафаќа една тема што во овие 15 години била често присутна во јавноста. Меѓутоа, никогаш не дошла на собраниска седница да се дискутира и да дадеме можност да се регулира оваа проблематика во иднина.

Би го потсетил господинот Буџаку, ние како држава, по однос на регулирање на оваа проблематика, веројатно доцниме со 10-15 години. Тоа што овој закон е ставен на дневен ред, тоа што за овој закон веројатно и опозицијата ќе даде поддршка, значи консензус помеѓу политичките партии, значи остварување на европската иднина на Република Македонија. Се друго што беше кажано е кажано само со намера да се употреби во внатрешно политичките позиции помеу партиите во Република Македонија.

Јас до некаде можам да ја разберам нервозата која е присутна, во смисла на неучествување во власта на ДУИ-ПДП, меѓутоа сите ние мораме да сфатиме дека во оваа држава власт дава народот и власт зема народот. Господинот Буџаку употреби неколку бројки, меѓутоа јас сакам да го потсетам.

Вкупниот број на гласови кои СДСМ и ДУИ го добија на овие избори е ист колку што доби ВМРО-ДПМНЕ, без ниту еден друг коалиционен партнер. Во оваа држава сите сме еднакви и мора да ја почитуваме волјата на граѓаните. Јас им пожелувам успешна работа и на ДУИ, на начинот на кој имаат намера тие да го прават тоа, меѓутоа ценам дека грешката овој пат не е на оваа страна, туку грешката е на страната на господинот Буџаку. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Има неколку пратеници кои воопшто не ги слушаат дискусиите. Јас не мислам дека научиле албански, но господинот ме следеше и ме слушна, бидејќи реплицираше и коментираше во однос на моето излагање. Мислам дека не сме се разбрале.

Оваа реторика не поминува никаде. Кога се говори за победи, токму победата, кога говориме за народот, доколку народот одлучи, а народот одлучи за коалицијата ДУИ-ПДП.

Во однос на другите слуаи, до колку сакате консензус, кажете кој од вас дојде овде и да побара и наша поддршка, бидејќи така се прави консензус во однос на донесувањето на законите. Ова треба да го знае Меѓународната заедница. Немојте да кажувате празни работи дека сте за консензус, а од друга страна не сте за тоа. Никој не дојде кај нас и да не праша дали сте за консензус за овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Господине претседател, претставник на Владата, почитувани колеги.

Дозволете неколку поенти во врска со законот, во општиот претрес, што сакам да ги изнесам.

Прво, сакам да ја осудам и да изразам целосно несогласување со потегот на ВМРО-ДПМНЕ, да ја ограничува дискусијата на 10 минути по закон кој е од суштинско значење и за кој е потребно 2/3 мнозинство во Парламентот. Тоа е потег кој не води напред, потег за кој имам сомневање дека ќе се претвори во начин на работа на оваа власт и потег за кој исто така, претседателе, ценам дека вие треба да реагирате да не стане начин на однесување во овој Парламент, бидејќи поголемото зло отколку легална опструкција на Парламентот, е легално замолчување на Парламентот.

Во врска со законот, мислам дека едно прашање, во овој Парламент, каде имам таа среќа или несреќа да бидам од почетокот, секогаш е присутно, а тоа е дека власта постојано бара тоа да се направи, а опозицијата постојано е скептична за донесувањето на овој закон. Тоа не ја одминува ниту една партија, без разлика во која категорија спаѓа, а во оваа држава, знаеме дека сите биле во сите овие позиции по неколку пати.

Сериозно е прашањето во Република Македонија. Зошто ако денес скоро 20-тина, или 16 години од првите слободни избори, а 17 години одкако се инаугурура повеќе партискиот систем, ако прашате било кој политичар, новинар, директор на поголема фирма, професор, човек кој учествува во јавниот живот, па и граѓанин, најверојатно и најчесто ќе ви потврди дека се сомнева дека има прислушување врз него, или врз луѓе што тој ги знае. Зошто се доведовме во ситуација што толку време помина, а ние сеуште ги иаме тие проблеми. Тоа веројатно говори многу за сите нас и веројатно е нешто за што треба брзо да реагираме. Процесот на прислушување во Македонија во изминативе 16 години е едно од најцрните петна во нашата политичка активност. Иако немам разбирање, меѓутоа можам да ја прифатам логиката на прислушувањето до 1990 година, затоа што во тој Устав дотогаш идеологијата била зацртана како единствена и немало право на алтернатива, не прифајќајќи го, барем можам да сватам што правеле. Неможам да сватам зошто тоа продолжува и после тоа. Од тогаш до денес практично немаме ситуација во која политичкото прислушување од страна на институции на државата не се користело во политички цели и тоа насочени кон политичките противници од противничките партии и политичките противници во сопствените партии. За тоа имаме и аргумент, за тоа е расправано во овој Парламент цели 10 дена. Аферата во 2001 година, во која јасно беа изнесени докази дека Министерството за внатрешни работи прислушкувало новинари, политички противници и за жал сопствени политички функционери и партиски активисти, беше обелоденета.

Јас би сакал да кажам едно лично искуство во врска со тоа. Во 2000-та година донесовме Закон со кој имавме пристап до евентуалните досиеа кои постојат од 1945 година до денес. Секој граѓанин имаше право да побара да му се каже дали постои досие. Јас го искористив тоа мое граѓанско право и добив писмо од Министерството за внатрешни работи, се разбира кое сеуште го чувам, во кое пишува дека: “За вашето име со тој ваш матичен број во Министерството за внатрешни работи нема досие”, за после 4 месеци да добијам стенограми од Министерството за внатрешни работи во кои видов дека сум прислушуван. Во тој момент за мене лично а верувам и за многу граѓани во Република Македонија од сопствени искуства, стана јасно дека Министерството за внатрешни работи дури и кога ви тврди дека немате досие, немојте да му верувате. Затоа што во моментот кога го добив досието, после тоа добив стенограми од прислушување кои датираат од пред датумот на кој го добив досието, односно дека немам досие и тоа стенограми од мои прислушувани разговори со пратеници, партиски пријатели. Претпоставувам за да тоа се случи морало да ме прислушуваат тотално кога разговарав и со фамилијата и со пријателите, па да ги извлечат само оние разговори кои нив им се корисни.

Огромна политичка и правна грешка направи тогашниот претседател на Република Македонија Борис Трајковски кој ја запре судската постапка против прво обвинетите, мимнистерот за внатрешни работи во тоа време и негови соработници и по пат на помилување, или аболиција, не знам кој правен инструмент го искористи, беше запрена постапката за трајно. Тогаш се потврди дека аферата постоела, дека прислушувањето било. Инаку, ќе се инсистираше да се доврши до крај и да се види дека никој нема вина, дека таа афера е измислена. Тоа беше јасен сигнал дека прислушување има , дека дури и кога е откриено институциите на државата од највисоко ниво го заштитуваат тоа прислушување и вршат аболиција и запирање на постапките пред надлежните судови. Со оглед дека тоа се случи во 2001 година, а запирањето на постапката беше во 2003 од страна на тогашниот претседател Трајковски . Станува јасно дека многу блиску до денешната 2006 година, нас ни се влечат сериозни проблеми со прислушувањето. Мислам дека дополнителна сол на тие рани стави изјава на еден наш колега во собраниска комисија дека покрај прислушувањето од страна на институциите, во Македонија постои прислушување од страна на партиите. Тоа не можам да го потврдам. Меѓутоа, до денес видов дека неизреченото не може да се потврди и дека тоа само создава уште поголемо разочарување и конфузија од страна на оние од кои се изрече кон оние кои имаат сериозни проблеми со ваквите појави. Уверен сум дека ќе

протече многу, многу време во Република Македонија додека просечните граѓани и јавни личности помислат дека навистина нема процес на прислушување вон од правна процедура. А во овој момент не можеме да имаме правна процедура без овој закон. Тоа е црно петно за нашиот политички систем. Нас законот ни треба. Јас не се согласувам дека е тоа некакво европско усогласување, или незнам што. Нас законот ни треба од прости причини ни треба да се бориме против растечкиот тероризам во светот со можни последици и во Македонија, ни треба заради заштита на насилното рушење на уставниот поредок, ни треба заради сопствената безбедност на државата, на институциите, на граѓаните, па дури ако сакате и за оние најбанални форми на криминал што имаат поширoки размери, организиран криминал за наркотици, за шверц на луѓе и не знам што се не. Согласно законот тука имаме потреба. Но, она што е проблем е дека останува сомнежот заради претходно кажаното, дека тоа и понатаму ќе продолжи да функционира како политички опстанок на гарнитура која има пристап до институциите со опремата за прислушување. Тоа е нашиот сериозен проблем. Сериозен проблем е што јас дури и како пратеник било каква изјава од било кој функционер во оваа држава, вклучувајќи ги и највисоките нема да ми е доволна дека тоа нема да се случи. Затоа што кога ми беа давани, се потврди дека се лажни. Ништо се нема сменето, дури и актерите во најголем дел останаа исти во моментов во кој зборуваме. Тоа што мислам дека е добро што Владата го внесе во Законот со амандман е да бидеи исклучена можноста Министерството за одбрана да ги има истите функции кои ги има и Министерството за внатрешни работи во сверата на прислушувањето. Зошто? Не заради тоа што мислам дека одбраната тоа не треба да го има, туку заради тоа што мислам дека што помалку институции, толку подобро за сите нас.

(се дава знак дека времето за дискусија истече)

За тоа претседателе се бунтував, затоа што ми требаат уште неколку минути за да завршам, вие сега ќе ме прекинете, а не можам да разговарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, нема да ве прекинам.

**Никола Поповски:** Значи, ниту јас да не злоупотребувам, ќе забрзам. За одбраната сметам дека е добро затоа што ќе има една институција помалку што ќе може тоа да го злоупотреби. Ако беше и одбраната, апсолутно сум уверен дека ќе имаше две институции што ќе ги злоупотребуваат овие работи. Зошто го зборувам тоа? Затоа што знам дека Министерството за одбрана во минатото наместо за потребите на одбраната ги вршеше овие процеси во политички цели. Беше користено Министерството за одбрана, односно Армијата и нејзините служби за да се прислушува и врз таа база да се следат највисоки државни функционери, вклучувајќи претседатели на Собрание, министри. Одбраната од луѓе кои раководеа со неа беше употребувана за политички дискредитации по пат на прислушувања за стекнување на сопствени позиции во општеството и во сопствената политичка партија и користено во партиските институции. Тоа беше користено од Министерството за внатрешни работи, се разбира. Никој за тоа не сноси последици. И затоа што помалку институции, толку подобро за граѓаните и за луѓето кои се евентуален предмет на прислушување.

Благодарам, благодарам претседателе за разбирањето за трите минути.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за следење на комуникациите.

Ги молам службите да ги известат сите пратеници да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Пауза пет минути)

(По паузата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за следење на комуникациите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 63 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Амандманите на член 9, член 10 став 1 точка 2, член 11 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на став 3 и 4, член 13 став 1 точка 2, член 14 ставови 2, 3 и 4, член 16, член 17, на членовите 18 став 2 и 34, став 2, на членовите 19 став 1, 20, став 1 и 34 став 1, член 22 став 2, член 31 ставови 3, 4 и 5, член 33 став 3 и на член 42 поднесени од Владата на Република Македонија кои ви беа доставени заедно со предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот се составен дел на текстот од Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 7 точка 1, член 7 точки 6 и 8, член 32 во втората реченица, член 36 за бришење на член 37 и за додавање нов член по

членот 41 и тие се составен дел на текстот од Предлогот на законот.

Пратеникот Валентина Божиновска поднесе амандман на член 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амандмани на член 7 за менување на точките 1, 2, 3, 4 и 5 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Весна Јаневска поднесе амандман на член 14 став 1 и за бришење на ставовите 2, 3,4 и 5 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата не го прифаќа амандманот, има збор предлагачот.

Во отсуство на предлагачот, Валентина Божиновска, може ли некој друг да зборува - повелете.

Отворив претрес по амандманот.

Се извинувам за еден момент, не знам дали се сите добро известени дека пет минути дискусија во одбрана на амандманот не се пресметува во оние 10 минути според членот 83 од Деловникот. Така е договорено, оној што ќе го образложува амандманот да има пет минути екстрадискусија. Ве молам тоа сите да го знаете.

Повелете, има збор пратеникот Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам претседателе.

Госпоѓа Божиновска денес е најавена кај вас како оправдано отсутна и по повод расправата на амандманот на госпоѓа Божиновска доволни ќе ми бидат и помалку од 15 минути, за да информирам дека членот 2 гласи: “никој не смее без наредба на надлежен суд да врши следење на комуникациите, освен ако му се наменети или постои согласност на лицето или лицата кои се вклучени во комункацијата”. Тоа значи дека по потреба и одлука на некој надлежен орган, некој ќе се согласи, некој од тројца учесници во разговор ќе се согласи да биде озвучен и тој разговор кој го воделе тројца после тоа да биде употребен како белешка или како доказ пред судот, или ќе биде употребен за било кои ќе речам државни цели. Според мене, тоа е сосема во ред, тоа е уходана пракса на работа, но мене ми пречи - амандманот кој нашата партија го дава - дека тоа може да биде без наредба на надлежен суд. Тој што ќе биде озвучен, пример давам, има право доброволно да се согласи на такво нешто, но не ја гледам причината зошто целото тоа дејствие да не биде под надлежност на органите на државата.

Затоа, предлагаме после зборовите “никој не смее без наредба на надлежен суд да врши следење на комуникациите” да следи точка, а после тоа останатиот дел од реченицата да биде избришан. Ова, согласноста на оној кој ќе учествува во следење на комуникациите, се подразбира и може да биде регулирано со дополнителен подзаконски акт.

Покрај тоа, причината за овој амандман е и потврдување на уставните и законските одредби, предвидени со Кривичниот законик на Република Македонија дека никој не смее неовластено да врши аудио и видео запис. Значи јас ако се согласам да бидам озвучена и разговарам на пример со вас и уште со еден пратеник, тоа значи ако немам писмена наредба за такво нешто, ако вие и другиот пратеник не сте под некакво сомнение, не смеам да го правам без оглед на тоа што сум се согласила тоа да го правам. За да се согласам тоа да го правам, треба да има наредба од судот, а таа наредба од судот треба да дојде преку Јавното обвинителство, јавниот обвинител до истражниот судија, истражниот судија да одобри таква дејност, не е битно кои се учесниците и дали еден од нив доброволно се согласил на тоа. Значи уставни и законски одредби на Кривичниот закон, при кои не смее неовластено да се врши аудио и видео запис без одлука на надлежен суд, поточно на истражен судија.

Овие мерки се децидно уредени како посебни истражни мерки кои се применуваат како посебни истражни дејствија за успешно водење на пред кривичната и кривичната постапка, прецизно се уредени во Законот за кривична постапка. Во спротивно, доколку полицискиот службеник врши следење на комуникации и има поставено аудио и видео систем на следење, во тој случај истиот е сторител на кривично дело предвидено во Кривичниот законик на Република Македонија. За да се избегне ваква злоупотреба, со амандманот предлагаме да се избрише делот во кој вели “дали или не постои согласност на лицата кои се вклучени во тоа комуникациско дејствие”.

Има уште еден амандман од нашата партија, кој е поврзан со оваа проблематика. Без да го злоупотребувам вашето трпение и време, доволно аргументирано го образложив ова и доколку Владата не го прифати, сметам дека пратениците би требало да размислат во оној правец во кој сите досегашни дискусии се одвиваа и овие по повод овој закон, и оние по повод Законот за полиција. Значи да бидеме сигурни дека се е под закон, дека се е во регуларна постапка, да бидеме сигурни дека никој нема да злоупотреби никого и ги молам пратениците да гласаат за овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(по гласањето, бројот на пратеници што гласале изнесува 60).

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето е утврдено дека во салата се присутни 63 пратеници).

Значи вкупно гласале 60 пратеници, 9 пратеници гласале за, 50 против и еден воздржано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на точка 1, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Сите пет амандмани кои се дадени се поврзани со допрецизирање на дефинициите кои се дадени во членот 7, тие се од стручно и техничка природа и не гледам причина да не се прифатат во услови кога на пример во членот 7 во законот стои: "комуникација, секоја непосредна конверзација и секој пренос на човечки глас на звуци, сигнали, писмена" што нема некоја логика, "слики, звуци, дата податоци" - што е исто една нелогичност и е повторување на англискиот збор "дата" - податоци, "или информација од каква и да е природа". Мојот предлог и предлогот што доаѓа од пратеничката група на СДСМ и да се допрецизира стручно и терминолошки оваа дефиниција, односно да стои "комуникација секоја непосредна конверзација и секој пренос на човечки глас, на знаци, сигнали, текстови, слики, звуци, податоци или информации од каков и да е тип и природа". Мислам дека ваквиот текст што постои во Законот, согласно расположението да не се прифати, мислам дека е нелогичен, грешен технички и граматички исто така грешен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам прертресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 10, воздржано 3 и 50 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 за менување на точка 1, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на точка 2 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Во членот 7 став 2 стои дека следење на комункација е тајно дознавање на содржината. Мислам дека зборот "тајно" овде апсолутно е непотребен, затоа што целта на следењето е да ја дознае содржината, а не тајно да ја дознае содржината, нема тајно или јавно. Бидејќи нелогичноста ќе остане, по мислење на мнозинството, го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на точка 3, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Сметам дека непоребна нервоза има во парламентарното мнозинство, па дофрлуваат и кога треба и кога не треба.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, никогаш не е доволно да обрнеме внимание на дисциплината, секогаш тоа е на место, секоја забелешка, бидете пострпливи и попарламентарни.

Продолжете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Членот 7 дефинира одделни изрази употребени во овој закон и во услови кога во точката 2 е дефинирано што значи следење на комуникациите, сосема логично е кога зборуваме за средствата за следење на комуникациите, да се употреби веќе претходно дадената дефиниција во точката 2, односно "средства за следење на комуникациите" да стане "електронско, механичко или друго средство со чија помош се врши следење на комуникациите". Вака во законот повторно непотребно се дава една тежина, се дава една нова дефиниција на следењето на комуникациите, што е различна од онаа што е дадена во членот 7 став 2. Затоа сметам дека ова треба да се прифати.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, 8 за, 2 воздржано и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 7, за менување на точка 3 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на точка 4, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Сметам дека дефиницијата во членот 7 каде што само “средства, уредни инструменти, медиум за пренос се дадени во телекомуникациски систем” е недоволно прецизна и затоа предлагам амандман во членот 7 точка 4, каде што после “средства, уреди и инструменти, медиуми за пренос” да се додаде “електронски пат”, за да има смисла телекомуникацискиот систем. На овој начин телекомуникацискиот систем е виртуелно дефиниран согласно законот и не соодветствува на техничката култура и речник што се користи во стручната јавност.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Ве молам, службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето, во салата беа присутни 63 пратеници).

Вкупно гласале 60 пратеника, 9 за, 1 воздржано и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 7, за менување на точка 4 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на точка 5, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Вака се прави консензус со опозицијата кога апсолутно технички и стручни амандмани значајни од политичка природа се одбиваат без образложение, но јавноста гледа дека мнозинството во овој момент го прават пратениците на опозицијата и тоа можеби ќе го ценат.

И во овој случај се работи за допрецизирање на текстот, односно заради смислата на дефинициите што се дадени во точката 5, се повикувам на дефиниција што е претходно дадена и непотребно во текстот овде, како што е дадено во членот 7, се оптоварува повторно со опис на она што корисниците можат да го употребат, знаци, сигнали, пишан текст, слики, звуци, бази на податоци, кој што е различен од она што е напишано во точката 1, или она што е различно напишано со амандманот на Владата што во меѓувреме го испрати.

Затоа, за да не дојде до забуна и за да не дојде до различна дефиниција, се дава што значи комуникација, што значи телекомуникациски систем и затоа мојот амандман е: “телекомуникациска услуга би била секоја услуга што им обезбедува на корисниците обезбедување на комункација со телекомуникациски систем”, и за допрецизирање и за избегнување на некои различности во точка 1 и во точка 5 го предлагам овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 10 за, 2 воздржано и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 7, за менување на точка 5 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 и за бришење на ставовите 2, 3, 4 и 5, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Членот 14 од Предлог законот гласи: “Во итни случаи кога постои опасност од предизвикување смрт или тешка телесна повреда на едно или повеќе лица или материјална штета на имот од големи размери или кога постои опасност од бегство на лице кое е сторител на кривично дело за кое е пропишана казна - доживотен затвор, може да се преземе следење на комуникациите врз основа на усна наредба на судот. За издадената усна наредба истражниот судија изготвува службена белешка. Усната наредба на истражниот судија од ставот 1 на овој член се издава на усно барање за следење на комуникациите, за што - претходно стоеше овластениот поднесувач, сега по амандманите од Владата Јавниот обвинител изготвува службена белешка”.

За усменото барање за следење на комуникациите должен е веднаш, а најдоцна во

рок од три часа по добиената усна наредба за следење на комуникациите да достави писмено барање согласно член 10 на овој закон. Доколку по издадената усна наредба не е доставено писмено барање согласно став 3 на овој член, ќе се смета како судска наредба за следење на комуникациите да не е издадена и следењето на комуникациите се прекинува, што судијата го констатира со службена белешка по ставот 1 на овој член. Податоците собрани со следење на комуникациите од став 4 на овој член се ништат согласно член 26 став 2 од овој закон. Нашиот предлог гласи:

“По зборовите “доживотен затвор” од ставот 1, се додаваат зборовите “истражниот судија” во посебно образложен предлог за итност на донесување на наредбата, ќе донесе наредба за следење на комуникациите најдоцна во рок од 5 часа по донесување на барањето од страна на Јавниот обвинител” Се до крајот од овој член предлагаме да се избришат.

“Причина за поднесување на овој амандман е мотивирана со цел да се спречат повторно разни злоупотреби кои можат да се сторат при комуникација на правосудните и полициските државни органи. Така што, било кое лице, вклучувајќи го и полицискиот службеник или пак лицето на кое му е наменето следење на комуникациите, со своја или со помош на друг може да направи злоупотреба од седкаков вид или пак веќе постоечката следена комуникација да биде прикажана како непостоечка. За таа цел Законот за кривична постапка на Република Македонија ги уредува и ги предвидува институтите и формите на истражните мерки, како и на посебно истражни мерки, која како таква кај следењето на комуникациите претставува. Законот за кривична постапка на Република Македонија јасно утврдува дека е потребно да постои пишан пат од страна на оној државен орган на прогон, кој тоа го бара. Истиот да достави барање, во кое ќе ги образложи сите материјални докази, кои упатуваат на тоа дека навистина е потребно следење на комуникациите на некои лица. По вака подготвено барање истражниот судија го разгледува, по што носи решение за издавање на судска наредба за следење на комуникациите.

Во Законот за кривична постапка на Република Македонија е предвидена и можноста, истражниот судија, до колку смета дека не се исполнети условите за издавање на наредба за следење на комуникациите, барањето да го одбие, при што ќе донесе решение за одбивање, во кое ќе стои дека не се дозволува следење на комуникациите за лицето за кое тоа било побарано”.

Со овој амандман сметаме дека непосредно предлагачот треба да изврши корекции на овој член и истиот да го прифати, а со цел подробно да се утврдат начинот и постапката кога полицијата може да врши следење на комуникациите.

Во контекст на претходниот амандман, каде што велевме дека “следењето на комуникациите мора да биде контролирано и тоа мора да биде контролирано од државните институции”, го повторуваме истиот став и во овој член, затоа што сметаме дека до сега тоа било злоупотребувано. Наместо компликации кога, зошто би можело и по кој основ би можело, 5 часа, според мое лично мислење и тоа е многу за Макеоднија, според мене лично, 3 часа се доволни, оти Македонија е мала земја, со мала територија и речиси во 3 часа може долж и попреку да се изоди со кола, па во рок од 5 часа тој што се следи, би можел да влезе на границата во Гевгелија и да излезе, на пример на границата во Куманово, а ние сеуште да не донесеме одлука дали ќе го следиме или не и да немаме судска белешка за тоа. Но, компромисно за да не бидеме обвинети дека сме неконструктивни, рековме дека, навистина, во постапката можеби е потребно малку повеќе време и се одлучивме на 5 часа. Какво и да е тоа следење, за какво дејство да станува збор, нема причина зошто истражните органи не би се обратиле до Јавното обвинителство, а Јавното обвинителство до истражниот судија. Значи, до колку и се даде усмена наредба тоа и се друго што следи по писмен пат во рок од 3 или 5 часа може да се заврши и да биде легално. Зошто, легално е само тогаш кога се спроведува во согласност со сите закони и Уставот на Република Македонија. Сметаме дека вака формулиран членот би можел да дозволи нелегално дејствување на одредени структури. Јас се надевам дека пратениците ќе имаат разбирање за овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам, службите уште еднаш да го утврдат бројот на пратениците присутни во салата.

Гласале 6 пратеници за, воздржани нема, против се 52 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 1 и за бришење на ставовите 2, 3, 4 и 5, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Овде ја прекинувам денешната седница, а за продолжението ќе бидете известени отпосле и на време.

Благодарам на соработката.

(Седницата прекина со работа во 13,41 часот)